ПРЕГЛЕД НА ВИСИНАТА НА ПООДЕЛНИТЕ ИЗДАТОЦИ

Вид на издаток 1	ИЗНОС		Се применува од период 4
	Стопанство 2	Нестопанство 3	
Дневници за службени патувања			
- 8%[1] од просечната исплатена плата по работник во последните 3 месеци	3.903,00	700,00[2]	20-11-2026
Трошоци за исхрана кога работодавачот ја организира на свој трошок			
- најмногу до 20%[3] од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година	9.040,00	--------	20-02-2026
Регрес за годишен одмор			
- 40%[4] од просечната исплатена плата по работник во последните 3 месеци	19.516,00	29.485,00	20-11-2026
- 60%[5] од просечна исплатена месечна нето плата по работник		9.000,00[6]	
Отпремнина за одење во пензија			
- двократен износ од просечната исплатена месечна нето плата во последните три месеци	97.580,00[7]		20-11-2026
- двократен износ од просечната исплатена месечна нето плата		98.282,00[8]	20-11-2026
		90.396,00[9]	

[1] член 35 став 1 алинеа 1 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството – пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 115/14, Спогодба 119/15 и 150/16);

[2] член 20 став 2 алинеја 1 од Грански колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21)

[3] член 113 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 62/05,.... 74/25);

[4] член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (Пречистен текст) („Службен весник на РМ“ бр. 115/14, Спогодба 119/15 и 150/2016) (Најмал износ);

[5] член 9 од Законот за исплата на платите во РСМ („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, ...193/25);

[6] член 21 став 1 од Грански колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21)

[7] член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството – пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 115/14, Спогодба 119/15 и 150/16);

[8] член 9 од Законот за исплата на платите во РСМ („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, ...193/25);

[9] член 23 од Грански колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21)

Јубилејни награди

48.790,00[10] просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци

***

Гранси колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21).

***

Почитувајќи ги одредбите на член 204 до член 210 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ” бр. 62/05, ...124/25), упатуваат дека Општиот колективен договор за јавниот сектор се однесува на органите на државната власт и другите државни органи, органите на ЕЛС, установите, јавните претпријатија, заводите, агенциите, фондовите и други правни лица кои вршат дејност од јавен интерес.

Согласно член 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на РМ” бр. 130/09), општите колективни договори се усогласуваат со одредбите на Законот за работните односи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на измените и дополнувањата на Законот за работните односи, односно најкасно до 4ти мај 2010 година.

Најниската основица за пресметување на придонесите од задолжително социјално осигурување согласно одредбите на член 15 став 1 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” бр. 142/08, 62/09, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 150/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, Автентично толкување 8/15, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17, 35/18, 247/18, „Службен весник на РСМ“ бр. 251/22, 3/25) за **тековната 2026 година** изнесува **34.571 денари** во бруто износ.

Минимална плата

Согласно објавата од Министерството за економија и труд содржана во „Службен весник на РСМ“ бр. 63/26 од 25.03.2026 година е утврдено дека висината на минималната плата во **бруто износ** во Република Северна Македонија започнувајќи со исплатата на платата за месец март 2026 година изнесува **38.507 ден**. додека висината на месечната минимална плата во нето износ изнесува **26.046 ден**..

[10] член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (Пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 115/14, Спогодба 119/15 и 150/16).